OHRIDSKA BANKA

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 38 точка 2 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје на седница одржана на 26.04.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**
за усвојување на Годишниот извештај
за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2020 година

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2020 година.

2. Извештајот за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2020 година и писменото мислење по истиот, изготвено од страна на Надзорниот одбор, се составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

СО бр. ___________
26.04.2021 година
Скопје

СОБРАНИЕ НА
ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Претседавач,

__________________

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Кон Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето
на Охридска банка АД Скопје за 2020

Согласно со член 477 од Законот за трговски друштва (ЗТД), член 93 став 1 точка 9 од Законот за банки и член 69 став 1 точка 9 од Статутот на Банката, органот на управување има обврска по завршувањето на секоја деловна година, да изготви извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година.

Содржината на годишниот извештај за работа на Друштвото во претходната деловна година е определена со член 384 став 7 од ЗТД и член 384-а од ЗТД.

Во годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите коишто влијаеле на определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чиишто рамки Друштвото дејствува, одговорот на Друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на Друштвото, вклучувајќи ја и политиката на дивиденди, изворите на средства, управувањето со ризиците, големите зделки и зделки со заинтересирана страна, активностите на истражување и развој, како и информациите во врска со стекнувањето на сопствени удели или на акции, во зависност од релевантните околности и извештајот за корпоративно управување.

Содржината на извештајот за корпоративно управување кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Банката е определена со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување со Банката. Изјавата на Управниот одбор на Банката за примена на Кодексот на корпоративно управување е составен дел на извештајот за работењето.

Годишниот извештај за работењето на Банката се поднесува на одобрување до Надзорниот Одбор и на разгледување и усвојување од Собранието на Банката заедно со писменото мислење по истиот изготвено од Надзорниот Одбор.